Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 16.05.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-1937/2 од 13.05.2022 година за поведување прекршочна постапка против ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1937/1 од 10.05.2022 година на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и утврди прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот радиодифузер на 20 април 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот, што е спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-1980/5**

**16.05.2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**